РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
MINISTRIA E MBROJTJES
Бр.-Nr. 04-873/31
01-08-2025 20
Скопје-Shkup

Врз основа на член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр.58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19, 110/19 и 121/24), а во врска со член 20 став (1) точка 14 од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија“ бр. 42/01, 5/03, 58/06, 110/08, 51/11, 151/11 и 215/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20), член 30 и член 39 од Закон за служба на Армијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/10, 23/11, 47/11, 148/11, 55/12, 29/14, 33/15, 139/15, 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19, 14/20, 171/22, 65/23, 14/24 и 30/24), Правилникот за начинот на спроведување на постапката за прием на кандидати за офицери, односно подофицери, професионални војници и цивилен персонал на служба во Армијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 57/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 39/23) и предлогот на Комисијата за избор и прием на кандидати за подофицери на служба во Армијата на Република Северна Македонија бр. 04-873/30 од 25.07.2025 година, министерот за одбрана донесе

# РЕШЕНИЕ

## за избор на кандидати за прием на подофицери на служба во Армијата на Република Северна Македонија

1. Во врска со Решението бр. 04-873/1 од 11.03.2025 година за распишување на Јавен оглас за прием на 10 (десет) подофицери од воздухопловно техничка служба во чин водник на служба во Армијата на Република Северна Македонија, на неопределено време за потребите на Воздухопловниот ВИНГ, во Командата за операции, касарна „Страшо Пинџур“ Петровец, гарнизон Петровец, објавен на ден 12.03.2025 година во дневните весници „Слободен печат“ и „Коха“, се врши избор на следните кандидати:

| р.бр | Презиме | Татково име | Име |
|---|---|---|---|
| 1 | Секуловски | Аце | Давид |
| 2 | Ристов | Зоран | Лазе |
| 3 | Сибиновски | Дејан | Филип |

2. Изборот од точка 1 е направен согласно предлогот на Комисијата за избор и прием на кандидати за подофицери на служба во Армијата на Република Северна Македонија бр. 04-873/30 од 25.07.2025 година.
3. Лицата од точка 1 на ова решение ќе бидат упатени на стручно оспособување и усовршување за подофицери во Командата за обука и доктрини при Генералштабот на

Армијата, а за времетраењето на стручното оспособување и усовршување за подофицери ќе се склучи договор за работа на определено време.

4. Со лицата кои со успех ќе го завршат стручното оспособување и усовршување за подофицери, министерот за одбрана или од него овластено лице склучува договор за работа.
5. Решението да се објави на ВЕБ страната на Министерството за одбрана.
6. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Изработил: ЦЛ Ангела Сибиновска
Согласен: Ирена Станковска
Одобрил: Елизабета Чуповска Ристова

**МИНИСТЕР ЗА ОДБРАНА**
**Владо Мисајловски**

**Доставено до:**
-КМО (копија бр. 1)
-ДС (копија бр. 2)
-ДУЧРОО (копија бр. 3)
-Генералштаб на Армијата (копија бр. 4)
-Архива (примерок бр.1)